АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INFORMATOR

БРОЈ 63 Јули /Август 2007

## НОВИНА СПОРЕД ЕВРОПСКА ДИРЕКТИВА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТИ

Со Одлука на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија одржан на 01.09.2007 година, а имајќи ги во предвид Европските Директиви со кој како Европски стандард се воведува задолжително осигурување од одговорност што е имплементирано во член 40 од Законот за Адвокатура и измените на Статутот на АКРМ усвоени на последното собрание на Адвокатската комора на Република Македонија одржано на 24 мај 2007 година, како најповолна понуда од повеќето пристигнати ја избра понудата на **ЕУРОЛИНК АД Скопје.**

Од причина што доцниме со примена на оваа законска одредба, секој индивидуално, најитно, мора да потпише договор за осигурување од одговорност, најдоцна до 15 октомври.

Согласно понудата, ***најминималната*** годишна осигурителна премија која би ја уплаќале адвокатите согласно договорените услови би изнесувала за еден адвокат 81 евро во денарска противвредност на осигурување до 3000 евра. За Адвокатско Друштво кое вработува до 5 адвокати осигурителната премија би изнесувала 75,8 евра по адвокат во денарска противредност и за Адвокатско Друштво кое вработува 6 и повеќе адвокати осигурителната премија за шестиот адвокат би изнесувала 68.2 евра, а за секој нареден адвокат би се намалувала за дополнителен процент, при што започнувајќи со единаесетиопт адвокат па натаму, премијата би изнесувала 40,2 евра по адвокат во денарска противвредност.

Истовремено осигурителната компанија ЕУРОЛИНК осигурување прифаќа да биде покровител на нашето годишно собрание и финансира други активности на АКРМ како и на Адвокатските Заедници ширум земјата.

Покрај ова Еуролинк дава поволни услови при склучување на договори за индивидуални осигурувања (домаќинства, моторни возила, КАСКО и автомобилска одговорност) и тоа плаќање на 12 месечни рати без камата преку траен налог, кредитна картичка или можност за плаќање преку административна забрана на плата и 10 посто специјален попуст како членки на Адвокатската комора.

Од причина што понудите на другите осигурителни друштва беа значително повисоки од избраната понуда, ***препорачуваме*** да секој адвокат склучи договор со осигурителна компанија која ни ги понуди најдобрите услови и бенифиции, во директен контакт со осигурителната компанија.

**Напоменуваме дека горенаведените осигурителни премии се пресметани со примена на највисоката стапка на франшиза, и се однесуваат за склучени повеќегодишни договори за осигурување преку Адвокатската комора на Република Македонија.**

АКРМ не стои зад условите кои ќе ги понудат другите осигурителни компании кои АКРМ не ги договорила .

## НОВИНИ ВО АКРМ

Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија ќе прати дописи до сите судови во Република Македонија да согласно Судскиот Деловник обезбедат простории за адвокатите во судовите. Имено, ова со цел да во сите тие канцеларии вработиме односно да примиме лица на стаж, со единствена цел да, во секој момент им излеземе во пресрет на адвокатите во сите Адвокатски Заедници кога им треба брзо и навремено исполнување на професионалните обврски, да можат да користат компјутер, да искуцаат поднесок, остават порака за колега и слично, како и место каде адвокатите ќе можат да ги облечат тогите за судските процеси. Покрај тоа ќе бараме да пред сите судници се постават и клупи за седење, бидејќи голем дел од времето адвокатите поминуваат баш пред судниците, а што досега не е случај.

Заинтересираните адвокатски приправници од сите Адвокатски Заедници кои сакаат да го обавуваат својот приправнички стаж во овие канцеларии, се повикуваат да достават молба и кратка биографија до Адвокатска комора на Република Македонија.

Сметаме дека на овој начин ќе ја издигнеме адвокатската професија на уште повисоко ниво и ќе овозможиме на судските органи да со уште поголем респект приоѓаат кон адвокатурата, а истовремено на колегите ќе им излеземе во пресрет во извршувањето на нивните секојдневни обврски.

## ПРОДОЛЖУВА БОРБАТА ПРОТИВ НАДРИПИСАРСТВОТО

Комисијата за спречување на неовластено вршење правни работи, најенергично ги спроведува Одлуките на Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, за продолжување на борбата против надриписарите ширум државата, во која се спротивстави ја на одлуката на Централниот Регистар на Македонија кој иако не е овластен да организира и пружа техничка правна помош, овозможувајќи им преку своите вработени на граѓаните да поднесуваат пријави за регистрациии на правни лица.

Комисијата смета дека ЦРМ не смее истовремено да ги припрема, пополнува и изготвува пријавите и доказите, а после тоа по истите да одлучува (донесува Решенија). Согласно член 39 ст.2 и ст.3 од ЗЕС, предвидено е дека , за вистинитоста на прилозите и доказите, не одговара Централниот Регистар, туку одговара само подносителот (одговорносто лица во субјектот, определен со Закон). Па видно и од претходното, јасно произлегува дека ЦР ( а уште помалку бирото), ќе може и ќе смее да ги пополнува пријавите, како и да ги изготвува актите за основање, договори и изјаву, како и другата документација, кога Согласно Законот, за чија вистинитост треба да гарантира и одговара - ДРУГ.

Централниот Регистар видно од сето претходно кажано, НЕ СМЕЕ да дава ниту бесплатни правни (технички ) совети, бидејќи согласно законските прописи, бесплатна правна помош можат да пружаат само адвокатите, а уште помалку јавно да кажува дека на граѓаните за регистрирање на фирми, НЕ ИМ СЕ ПОТРЕБНИ - АДВОКАТИ.

Согласно Уставот на Република Македонија, член 53, каде е утврдена Самостојноста и независноста на јавната служба - АДВОКАТУРАТА која пружа правна помош и врши јавни овластувања.

Комисијата за спречување на неовластено вршење правни работи поднесе повеќе пријави против надриписарите кои се во процес на проверка во УЈП и Комисијата бара Централниот Регистар на Македонија веднаш да престанат со незаконито постапување на вработените во Централниот Регистар и кршење на позитивните законски прописи, што е на штета на 1700 адвокати и уште толку адвокатски стручни соработници и адвокатски приправници со нивните семејства, а во корист на 51 лице кои ЦР ги зема во заштита.

Во спротивно ќе бидеме приморани нашите права да ги заштитиме со примена на сите законски средства кои ни стојат на располагање, а по потреба и со одржување на протести пред ЦР како и со покренување на нови кривични пријави и известување на средствата за јавно информирање и сите домашни и странски институции и организации.

## АПЕЛ ЗА ПОМОШ

**Почитувани колеги,**

**Андреј Николовски од Битола, син на наш колега на возраст од 24 години, боледува од ретка болест за чие лекување му се неопходно потребни скапи лекови кои мора да ги набавува од странство и со чие користење постои можност за успешно лекување.**

**Сите хумани колеги кои сакаат да му помогнат на Андреј Николовски, истото можат да го направат преку донирање на денарски парични средства на следната сметка:**

**- Извозна и Кредитна Банка АД Скопје**
**Филијала Битола**
**- жиро сметка :**
**270 000 000 1001 85**
**- повикување на број:**
**8071001-301 51 000 1678**
**- цел на дознака:**
**донација за Андреј Николовски**

## АДВОКАТСКИ ТОГИ

**Согласно измените и дополнувањата на Законот за адвокатура, македонскиот адвокат сметано од почетокот на месец ноември 2007 година задолжително ќе носи адвокатска тога во судовите низ Република Македонија, како што ја носат нашите колеги низ светот.**

**Се известуваат сите членови на Адвокатска комора на Република Македонија, дека адвокатските тоги кои претставуваат обврска за сите адвокати, се изготвени и истите веќе се подигнуваат преку Претседателите на Адвокатските Заедници и преку Адвокатската комора на Република Македонија, за адвокатите од Скопје.**

**За подигнување на адвокатските тоги треба да се донесе доказ за извршена уплата на 2.760 денари на следните податоци за уплата:**

**МАРИКС Куманово**
**жиро сметка : 240140000315175**
**ЕДБ : 4017004150745**
**Депонент Банка : Уни Банка**

## АДВОКАТСКИ РОКОВНИК ЗА 2008 ГОДИНА

**Со цел продолжување на уште една успешна традиција, Управниот Одбор на Адвокатската комора на Република Македонија и годинава донесе Одлука за печатење на Адвокатскиот Роковник.**

**Со истиот дизајн и со истата содржина, Адвокатскиот Роковник за 2008 година ќе Ви биде доставен на адреса на Вашето седиште кон крајот на годинава.**

**Со цел ажурирање на базата на податоци која ја имаме во Адвокатската комора на Република Македонија, Ве молиме сите адвокати кои имаат промени во нивните контакт податоци, истите благовремено да ги достават до Адвокатска комора на Република Македонија на тел/факс : 02 / 3165 409 или 02 / 3212 452 или на е-маил. lawyermk@mba.org.mk.**

# НАСКОРО СПОРТСКИ ИГРИ

Адвокатската комора на Република Македонија минатата година со цел да се даде подршка на сите активности во правец на развивање на спортскиот и пријателскиот дух помеѓу членството, за прв пат организираше и успешно одржа адвокатски спортски игри на кои учество земаа околу осумдесетина членови на АКРМ.

Со цел продолжување на оваа манифестација и нејзино прераснување во традиција која сите со нетрпение ќе ја очекуваат, **Адвокатската комора на Република Македонија повторно организира спортски игри кои ќе се одржат во периодот од 9 - 11 ноември 2007 година, во мотел Истатов, Нов Дојран.**

Во моментов е во тек формирање на спортски екипи кои ќе се натпреваруваат во машки дисциплини фудбал, кошарка, пинг понг; и женски дисциплини одбојка, пинг-понг, шах, пикадо, влечење јаже и др.

**Ќе се формираат 4 екипи согласно припадноста на апелационите подрачја и тоа по следниот распоред :**

**1 екипа - Адвокатските Заедници Скопје 1, Скопје 2, Тетово, Гостивар, Дебар, Крива Паланка, Дебар и Кратово.**
**2 екипа - Адвокатските Заедници Скопје 3, Скопје 4, Куманово, Неготино, Велес, Кавадарци, Гевгелија и Македонска Каменица.**
**3 екипа - Адвокатските Заедници Битола, Прилеп, Крушево, Охрид, Струга, Кичево, Ресен и Демир Хисар.**
**4 екипа - Адвокатските Заедници Штип, Струмица, Радовиш, Кочани, Свети Николе, Виница, Берово, Делчево и Пробиштип .**

На адвокатските спортски игри е предвидено да земат учество 120 адвокати, односно секоја екипа да брои по 30 учесници. Веќе во Адвокатската комора започнаа да пристигнуваат пријави од голем број на наши колеги. Сите заинтересирани за учество на спортските игри да достават пријави со наведени дисциплини во кои сакаат да се натпреваруваат најдоцна до 15 октомври 2006 година, на телефоните на Адвокатска комора на Република Македонија: 02/ 3165-409 и 02 / 3212-452 или на е-маил: lawyermk@mba.org.mk.

*АДВОКАТСКИ КЛУБ РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"*
*20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ*
*тел. 02 / 3214 200*

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**